# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 96, Дата: 22. 08. 2011.**

## ДЕТСКИ МОЛИТВИ



Кога ги слушаме молитвите на малите деца, веројатно во повеќе случаи ќе се насмееме, но истовремено и ќе откриеме дека тие имаат искрени молитви. Често пати, самите тие имаат многу прашања до Бог, кое зборува за нивната духовна жед и за нивната, едноставна вера.

Кога Христовите ученици ги одвраќаа децата од Исус, Тој им кажа: *"Оставете ги децата и не пречете им да доаѓаат при Мене, зашто на такви е царството небесно." (Евангелие по Матеј 19:14)*

**Подолу ќе ви претставиме неколку молитви од деца, на возраст од четири до девет години. Веруваме дека ќе научите нешто и од нив.**

- Драги Боже, те молам испрати друго бебе на мама. Она што ни го испрати минатата недела, не престанува да плаче.
- Боже, те молам помогни ми на училиште. Ми треба помош за ликовно, за цртежите, за вежбите, за буквите, за пишувањето, за домашното...за останатото сам ќе се снајдам.
- Драги Боже, ти требат ли помошници на небото? Јас преку летото сум на распуст, па ако сакаш можам да дојдам кај тебе и да ти помагам !?
- Драги Боже, те молам за мене и моето братче, бидејќи тој е премногу мал за да се моли; знае само да плаче и да ги мокри пелените.
- Драги Боже, те молам оваа година испрати го Трајче во друг летен камп.
- Драги Боже, ти благодарам за новото братче, ама јас всушност те молев за кутре.
- Драги Боже, понекогаш мислам на тебе дури и кога не се молам. Дали е тоа во ред?
- Драги Боже, ако дојдеш на црква во недела, ке ти го покажам моето ново палто.
- Боже, те молам тато да добие плата, бидеќи саламата во фрижидерот ни е при крај.
- Драги Боже, знам дека ги љубиш сите, ама Ти сигурно не ја познаваш мојата сестра.
- Драги Боже, верувам дека ти е многу тешко да го љубиш целиот свет. Во моето семејство има само 4 луге, па сепак не можам да ги сакам сите.
- Драги Боже, наместо да дозволуваш постојано едни луѓе да умираат, па да создаваш нови, зошто не си ги задржиш овие што сега ги имаш?
- Драги Боже, навистина ли си невидлив или тоа е само некаков трик?
- Драги Боже, можеш ли да ми кажеш колку ангели има на небото? Јас сакам да бидам првото дете во училиште, што ќе го знае одговорот.
- Драги Боже, жал ми е за мојот татко. Во нашата куќа сите имаме своја соба, а само тато мора да спие заедно со мама.
- Драги Боже, мама ми кажа да се молам, да направиш да бидам подобро момче. Но ако не можеш, не е проблем, мене ми е убаво и вака.
- Драги Боже, те молам кажи ми кој е попаметен: момчињата или девојчињата? Јас и мојата сестра сакаме да знаеме.
- Драги Боже, утре ми е роденден. Ќе можеш ли да поставиш божилак на небото?



Колку и да се чудиме или смееме, на ваквите молитви, не треба да заборавиме дека тие се само деца кои пристапуваат кон Бог, со едно искрено срце и детски ум. А можеби и ние самите ќе се препознаеме во некоја од овие „детски" молитви.

Во следниот број ќе објавиме збирка на детски размислувања за Бог и животот.

**Уредници: Горан Илиев, Илија Камчев и Александар Ѓорѓиев и Андријана Ѓорѓиева.**